**изворен научен труд**

**УДК: 811.163.3'373.23**

# ПРИКАЗ НА НЕКОЛКУ СЛОЖЕНИ ЛИЧНИ ИМИЊА

**Љубица Станковска**
*Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“*
*Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје, Македонија*

**Key words**: personal name, antroponym, antroponymy, toponym, toponymy, Macedonian language

**Summary**: The article's author analyses the compound personal names: *Berobran*, *Bregost*, *Dragoezd*, *Godoles*, *Ljudovid*, *Novosil*, *Pochest*, *Pretimir*, *Prvoslav*, *Velimazh*, *Verislav* and *Zhelovar*, all of which have been confirmed in the onomastic fund pertaining to the Macedonian language areal. The analyzed personal names belong to the oldest anthroponimical layer of the Slavic languages and their analysis represents an extremely important contribution to the reconstruction of the Proto-Slavic antroponymy.

**Клучни зборови**: лично име, антропоним, антропонимија, топоним, топонимија, македонски јазик.

**Резиме**: Во статијата авторот ги анализира композитните лични имиња: *Беробран*, *Брегост*, *Велимаж*, *Верислав*, *Годолес*, *Драгоезд*, *Желовар*, *Људовид*, *Новосил*, *Почест*, *Првослав* и *Претимир*, кои се засведочени во онимијата на македонскиот јазичен ареал. Анализираните антропоними му припаѓаат на најстариот антропонимиски фонд на словенските јазици и нивното презентирање има особен придонес за реализација на реконструкцијата на прасловенската антропонимја.

***БЕРОБРАН**. Исчезнатото лично име **Беробран* < **Berobranъ* е двотематско име кое е составено од морфемата *беро-*, која потекнува од презентската основа *бер-* од стсл. глагол бьрати, берѫ 'зема, избира, бере' < ие. корен **bher-* 'носи, донесува' и од морфемата *-бран*, која потекнува од коренот *бран-* од стсл. глагол бранити, бранѭ 'брани' < општосл. **borniti*. Старото име **Беробран* е засведочено индиректно во македонската антопонимија. Имено, антропонимот **Беробран* се содржи во основата на личното име

*Беробранец* < *Беробраньць,* кое е документирано во писмени споменици од XIV век (Станковска, 1992: 38). Личното име *Беробранец* е образувано од исчезнатото лично име **Беробран* со деминутивниот суфикс *-ец* < *-ьць*.

Личното име **Беробран* е посебност на нашата антропонимија, бидејќи тоа не е регистрирано во антропонимијата на другите словенски народи. Впрочем, неговите составни елементи поретко се употребуваат во образувањето на сложените антропоними. Така, со морфемата *бер-/-бер*, која може да се употреби како прва и како втора компонента во составот на сложените антропоними, се среќаваат личните имиња: срп. *Беривој*, *Берислав* (Грковић, 1977: 35–36), буг. *Беривой*, *Беримир*, *Берислав*, *Берослав* (Заимов, 1988: 19), чеш. *Nebera* (Svoboda, 1964: 69). Со морфемата *беро-* во нашиот антропономастикон се прикажани следните лични имиња: *Беривој*, *Берислав*, **Берobrад*, од кое е изведно деминутивното име *Берoбраица*, *Бероьуб*, *Берослав* (Станковска, 1992: 38–39).

Во антропонимијата на словенските јазици морфемата *бран-/-бран* се употребува, обично, како прва составка при образувањето на сложените антропоними, а поретко се употребува како втора составка, сп. пол. *Bronisąd*, *Bronisław*; женското лично име *Częstobrona* (Malec, 1971: 71), чеш. *Branislav*, *Bran(i)súd*; *Přibran*, *Sebran* (Svoboda, 1964: 71), хрв. *Branislav*, *Branivoj* (Šimundić, 1988: 50), срп. *Бранибор*, *Бранивој*; *Драгобран*, *Љубобран* (Грковић, 1977), буг. *Бранимир*, *Бранислав* (Заимов, 1988: 33). Во антропонимијата на македонскиот јазик оваа морфема се употребува како прва составка: *Бранивој*, *Бранимир*, *Бранислав*, *Бранослав* и како втора составка: *Милобран*, *Србобран* (Станковска, 1992).

**БРЕГОСТ**. Во турскиот опширен пописен дефтер за нахијата Драма од 1569/70 година се споменува селото *Бригошт*, а таму е запишано: „Оризари од селото *Бригош*, припаѓа на нахијата Драма.“ (ТД, 2007: 62). А. Стојановски, кој е преведувач и редактор на документот, вели дека селото не е идентификувано, а неговото име е несигурно прочитано.

Од изнесените податоци во османлискиот документ се дознава дека жителите на селото *Бригошт* биле оризари, одгледувале ориз, а покрај селото имало река или канал, чиешто име е запишано како „Река Ќучук“. А. Стојановски е во право кога спомeнатата река Ќучук ја доведува во врска со селото Ќучук Ќој (Мало Село) што се наоѓа југоисточно од Драма. Оттука може да констатираме дека исчезнатото село *Бригошт* било лоцирано на почва погодна за оризишта и секако

се наоѓало во близината на селото Ќучук Кој, во пространата низина на југ од градот Драма во Грција.

Макар што немаме поподробни историски податоци за раселеното село *Бригошт*, ние сметаме дека првобитната форма на името била **Брегошт*. Нашето мислење произлегува од фактот дека во говорот на тогашното македонско население името на селото, најверојатно, се изговарало како *Бригóшт*, т.е. акцентот се наоѓал на последниот слог од името, односно на вокалот *о*, така што имало услови за редукција на неакцентираниот вокал *е* во *и*. Како што е познато, серско-драмските говори имаат слободен, подвижен акцент, кој може да стои на секој слог во збороформите и на секоја морфема, вклучувајќи ги и флексивните наставки (Видоески, 1986: 20). Во врска со оваа јазична појава, Б. Видоески, меѓу останатите примери, ги наведува и акцентските алтернации, кои се јавуваат во парадигмата на глаголот *бере*, а тие се: 1 л. едн. *бéра*, 2 л. едн. *бирéш*, 3 л. едн. *бирé*, 1 л. мн. *бирéми*, 2 л. мн. *бирéти*, 3 л. мн. *бирáт* (Видоески, 1986: 25).

Името на селото *Брегошт* е добиено по пат на метонимија, а е преземено од постар хидроним **Брегошт* < **Брегошть (Поток)*, чијашто придавска компонента е образувана од личното име *Брегост* со придавскиот суфикс *–јь,* кој се одликува со посесивното значење. По отпаѓањето на именскиот член од составот **Брегошт* < **Брегошть (Поток)*, изразен со хидрографскиот термин *поток*, придавката **Брегошт* се супстантивизирала и продолжила да суштествува како елиптично име.

Исчезнатото лично име *Брегост* < **Brěgostь* е создадено по пат на скратување од засега непотврденото име **Брегогост* < **Brěgogostь* и тоа како резултат на губењето на консонантот *г* во интервокална позиција, со што се создале услови за контракција на еднородните вокали што се нашле во непосреден допир во долго *ō*, кое поради неговата нестабилност подоцна ја загубило должината (Конески, 1965: 46). Постапката при скратувањето на името се одвивала на следниот начин: **Брегогост* > **Брегоост* > **Брегōст* > *Брегост*. Антропонимот **Брегогост* претставува двоосновно име, кое е обликувано од морфемите *Брего-* и *-гост*. Морфемата *Брего-* потекнува од презентската основа *брег-* од стсл. глагол брѣщи, брѣгѫ 'се грижи над некого, бере грижа за нешто' < прасл. **bergti*. Во старословенско-македонскиот речник се потврдени глаголите брещи и небрѣщи, небрѣгѫ 'не се грижи, не обрнува внимание, е небрежен' (Десподова, 1999: 42, 253). Морфемата *-гост* потекнува од стсл. именка гость

'гостин', со постаро значење 'туѓинец, дојденец во одредена заедница' < прасл. *gostĭ од ие. *ghostis (Skok, 1971: 595; Bezlaj, 1971: 164).

Во антропонимијата на македонскиот јазик со морфемата *брег-/-брег* се посведочени личните имиња: *Брегод* < **Brĕgodъ*, скратено име од исчезнатото име **Брегогод* < **Brĕgogodъ,* заложено во основата на името на охридското село *Брагожда*, денес во Албанија (Станковска, 2002: 55), **Небрег*, кое се наоѓа во основата на името на селото *Небрегово* (Прилепско) (Станковска, 1985: 59; Конески, 1991: 29), *Побрег*, што лежи во основата на името на селото *Побрегово* (Гевгелиско), регистрирано во турскиот пописен дефтер од 1568/1569 година (ТД, 2003: 75). Во полската антропонимија е познато личното име *Niebrzeg* (Bańkowski, 1984: 140), а во антропонимијата на бугарскиот јазик се среќава личното име *Брегослав* (Заимов, 1988: 37).

Во антропонимијата на македонскиот јазик морфемата *гост-/-гост*, која се јавува како прва и како втора составка, се одликува со поголема продуктивност во образувањето на композитните антропоними, сп. *Гостимир*, *Гостомир*, *Гостивар*, *Гостивит*; *Делгост*, *Драгогост*, *Желегост*, *Милогост*, *Радогост*, *Скорогост*, *Хотогост* (Станковска, 1992). Споредбени лични имиња со оваа морфема се познати во антропонимијата на словенските јазици, сп. срп. *Гостидраг*; *Милогост*, *Радогост* (Грковић, 1977), хрв. *Gostimir*, *Gostislav* (Šimundić, 1988: 133); *Dobrogost*, *Slavogost* (Šimundić, 1983: 195), *Živogost*, што се наоѓа во основата на топонимот *Živogošče* (Šimunović, 1986: 33), слов. **Gostirad*, што се крие во основата на топонимот *Goztyray*, денес *Gašteraj* (Košmrlj, 1970: 102), буг. *Гостилюб*, *Гостовой*, *Гостомир*; *Доброгост,,Желигост,* (Заимов, 1988), чеш. *Hostibor*, *Hostimil*, *Hostirad*; *Belehost*, *Blizhost* (Svoboda, 1964: 76), пол. *Gościlub*, *Gościwoj*; *Bdzigost*, *Niegost* (Malec, 1971: 87).

**ВЕЛИМАЖ**. Во турскиот опширен пописен дефтер за Скопскиот вилает од 1467/1468 година меѓу жителите на градот Скопје е попишано лицето *Велимас* или *Велимаш* (ТД, 1971: 421). Ние сметаме дека старото име гласело *Велимаж*, а формата на името *Велимаш* што е напишана во дефтерот, е добиена како резултат на обезвучувањето на крајниот консонант *ж* во неговиот безвучен парник *ш*.

Личното име *Велимаж* < **Velimǫžь* претставува сложено име, кое е составено од составните делови *Вели-* и *-маж*. Морфемата *вели-* потекнува од придавската компаративна форма во старословенскиот јазик велии 'поголем, голем, велик' < прасл. **velьjь* од придавката **velь*, сп. стсл. адв. вельми 'мошне, силно, гласно'. Морфемата *-маж*

потекнува од стсл. именка мѫжь ʻмаж, сопруг, човек; селанец’ < прасл. **mǫžь*. Во старословенско-македонскиот речник лексемата мѫжь е наведена со значењето ʻмаж, сопруг, човек’, а е наведена и лексемата вельмѫжа ʻвелможа, дворјанин’ (Десподова, 1999: 241, 49). Во личното име *Велимаж* носовката од заден ред ѫ се заменила со вокалот *а*.

Во македонскиот антропонимиски фонд со морфемата *вели-* се образувани личните имиња: *Велибор*, *Велигост*, *Велимир*, *Велислав* (Станковска, 1992: 58 – 59). Морфемата *маж-/-маж*, како и фонетската варијанта *-муж* (со замена на ѫ > *у*), се содржи во составот на двочлените имиња: *Добромуж*, *Драгомуж* (Станковска, 1992: 99, 104), *Мажовит*; *Белмуж*, *Будимаж* и *Бучимаж,* кои се наоѓаат во основата на топонимите: *Мажучишта* – село во Прилепско, *Белмуш* – ливади и пасиште на Шар Планина, *Будимаж* – пасиште (Слп, Велешко), *Будимаш* – врв на планината Дрен, висок 1918 м (Прилепско) и *Бучимаш* – село во Охридско, сега во Албанија (Станковска, 2002: 31, 63, 69).

Сложени антропоними во чијшто состав влегува морфемата *вели-* се присутни во антропонимијата на словенските јазици, сп. срп. *Велемир*, *Велибор*, *Веломир* (Грковић, 1977: 50–51), буг. *Велигост*, *Велимир*, *Велислав*, *Велослав* (Заимов, 1988: 46), чеш. **Velebor*, *Velel'ub*, *Velislav*, полап. **Velebud* (Svoboda, 1964: 91), пол. *Wielebor*, *Wieledrog*, *Wielemir*, *Wielemysł* (Malec, 1971: 122). Антропонимиската база **mǫž-/*-mǫž* поретко се среќава во антропонимијата на словенските јазици, сп. срп. *Мужбрат*; *Црномуж* (Грковић, 1977:), *Драгмуж* (Грковић, 1983: 61), *Радмуж* (Пешикан, 1986: 96), буг. *Мъжил*, *Мъжо* (Заимов, 1988: 161), хрв. *Mužan*, *Muško* (Šimundić, 1982: 278), слов. *Radomož*, заложено во основата на топонимот *Radomožci* (Košmrlj, 1970: 102).

**ВЕРИСЛАВ**. Антропонимот *Верислав* < **Věrislavъ* е двочлено лично име, кое е составено од составките *Вери-* и *-слав*. Првата составка *вери-* е рамна на императивната форма *вери* од стсл. глагол вѣрити, вѣрѭ ʻверува’, изведен од стсл. именка вѣра ʻвера, празноверие’ < прасл. **věra*, а втората составка *-слав* е од стсл. именка слава ʻслава, чест, почит’ < прасл. **slāvā* од глаголот **slāviti* ʻслави’ (Bezlaj, 2005: 300; Bezlaj, 1995: 257). Личното име *Верислав* е забележено во турските пишани извори од XV век (Станковска, 1992: 60). Личното име *Верислав* е познато во антропонимијата на

хрватскиот јазик: *Verislav* (Šimundić, 1988: 358) и во антропонимијата на бугарскиот јазик: *Верислав* (Заимов, 1988: 48).

Морфемата *слав-*/*-слав* се вбројува меѓу најфреквентните деривациски елементи во образувањето на словенските сложени антропоними. Во антропонимијата на македонскиот јазик со морфемата *слав-*/*-слав* се среќаваат, на пример, личните имиња: *Славимир*, *Славољуб*, *Славомер*, *Славомир*; *Билослав*, *Бранислав*, *Велислав*, *Дедослав*, *Драгослав*, *Љубослав*, *Милослав*, *Нинослав*, *Станислав*, *Хранислав* и други.

Личното име *Верислав* се наоѓа во основата на ојконимот *Вериславци* – исчезнато село во Тиквешко. Селото *Вериславци* е регистрирано во турскиот опширен пописен дефтер за нахијата Тиквеш од 1570 година, а таму е запишано: „Село Мирановци, припаѓа на Тиквеш; со придодавање на селото *Вериславци*, кое припаѓа кон Пијанец, се наоѓаат на едно место со селото Хранислaвци и друго Мирановци." (ТД, 1982: 541 – 542). А. Стојановски, кој е преведувач и редактор на овој дефтер, од една страна, смета дека селото *Вериславци*, најверојатно, се однесува на селото Вратиславци, кое се наоѓа северозападно од Делчево, а од друга, вели дека споменатите села во пописниот дефтер „се наоѓале едно крај друго (како маала на една населба)". Меѓутоа, селото Вратиславци е регистрирано во истиот дефтер од 1570 година во нахијата Пијанец (ТД, 1983: 267), така што ни се чини дека е невозможно со истиот попис двапати да било попишано селото Вратиславци, а да не се укаже дека се работи за исто село. Од текстот во пописот, всушност, произлегува дека селото *Вериславци* била посебна селска населба, која била лоцирана во непосредна близина на селата Мирановци и Хранислaвци во Тиквешката Област. Во научната литература е искажано гледиштето дека раселеното село Хранислaвци се наоѓало меѓу денешните села Марена и Глишиќ (Јачева-Улчар, 2008: 318). Според тоа, може да се каже дека исчезнатото село *Вериславци* било лоцирано во близината на споменатите кавадаречки села, односно на просторот меѓу градовите Неготино и Кавадарци.

Името на селото *Вериславци* претставува примарно топонимиско име со патронимиско значење. Името на селото *Вериславци* настанало со топонимизација на старото патронимиско, односно фамилијарно име **Вериславци*, кое произлегува од првобитната атрибутска синтагма **Верислави* (= *Вериславови) *(деца, синови)*. Придавскиот дел од синтагмата **Верислави* е образуван со посесивниот придавски суфикс -*ъ* во формата за множина -*и*, кој, по

отфрлањето на именскиот дел од синтагмата, се супстантивизирал со патронимискиот суфикс *-ци* < *-ьци*. На суфиксот

*-ъ*, *-а*, *-о*, кој потекнува од ие. *-*os*, како и на неговата палатална варијанта *-'ь*, *-'а*, *-'е* зад палатален консонант или палатална консонантска група, како на придавска деривациска морфема, која, во словенските јазици, се употребувала за образување на посесивни придавки, првпат обрна внимание Радосав Бошковиќ во научната расправа „Поводом неких топонима" (Бошковић, 1978: 379–392). Деривациската постапка при образувањето на името на селото се одвивала на следниот начин: **Верислави (деца, синови)* > **Верислави* + *-ьци* > **Вериславьци* > **Вериславци* → *Вериславци.*

**ГОДОЛЕС**. Исчезнатото лично име *Годолес* < **Godolěsъ* е двотематско име, кое е составено од компонентата *годо-*, која потекнува од коренот *год-* од стсл. глагол годити, гождѫ 'угоди, исполни (желба, молба на некого)' < прасл. глагол **goditi* и од компонентата *-лес*, која произлегува од коренот *лес-* од стсл. именка лѣсъ < прасл. **lěsъ* 'шума'.

Личното име *Годолес* се содржи во основата на ојконимот *Годолеш* – село во Елбасанско, кое се наоѓа северно од градот Елбасан (Коњух) во Албанија. Селото *Годолеш* првпат е регистрирано во турскиот дефтер за вилаетот Павло Куртик од 1431 година, а неговото име во дефтерот е напишано во обликот *Godoleş* (Inalcik, 1954: 91, 96). Селото *Годолеш* е забележено во Слепченскиот помeник, чиишто записи датираат од XVI век, а неговото име е напишано со формата Годωлешн (Селищев, 1933: 73). Денес во албанскиот јазик селото се вика *Godolesh*.

Името на селото *Годолеш* настанало по пат на метонимија, а е преземено од името на некој хидроним или ороним **Годолеш*. Топонимот **Годолеш* е создаден со супстантивизација на атрибутот од постарата синтагматска форма **Годолеш* < **Годолешь (Поток, Врв)*, чијшто придавски член е образуван од личното име *Годолес* со посесивниот придавски суфикс *-јь* (Заимов, 1973: 93; Станковска, 2002: 109). По елизијата на именскиот член од составот, изразен со термините *поток*, *врв*, придавката **Годолеш* продолжила да суштествува како елиптично име. Селото *Годолеш* ние порано погрешно го лоциравме во Преспанската Област што се наоѓа во Албанија.

Во антропонимијата на словенските јазици се запазени лични имиња во чиешто образување учествува морфемата *год-*/*-год*, сп. хрв. *Godimir*, *Godislav*, *Godomir*, *Godoslav* (Šimundić, 1988: 126), срп. *Годебрат*, *Годимир*; *Негода* (Грковић, 1977: 65, 144), буг. *Годеслав*;

*Желегод* (Заимов, 1988: 65, 104), чеш. **Hodĕmysl*, *Hodislav*, *Nehod* (Svoboda, 1964: 75), пол. *Godzimir*, *Godzisław*; *Mirogod*, *Zdziegod* (Malec, 1971: 86). Во македонската антропонимија со оваа морфема се познати сложените имиња: *Годимир*; *Делогод*, *Желогод*, *Радогод*, *Хотогод* (Станковска, 1992).

Морфемата *лес-*/*-лес* поретко се употребува во образувањето на композитните антропоними. Сепак, лични имиња во чијшто состав е вклучена оваа морфема се запазени во антропонимијата на словенските јазици, сп. срп. *Лесивој* (Грковић, 1977: 119), *Lěsomirъ* (Бошковић, 1978: 396), буг. *Лесорад* (Заимов, 1988: 138). Во антопонимијата на македонскиот јазик, покрај личното име *Годолес*, се среќаваат уште и личните имиња *Лесовит*, кое лежи во основата на ојконимот *Лесовит* – село во областа Трифилија, Грција, *Љуболес*, кое е вградено во основата на името на селото *Љуболеш* (Дебарско), денес во Албанија, *Тихолес*, кое се наоѓа во основата на раселеното село *Тихолас* во Корчанско, Албанија (Станковска, 2002: 218, 232, 387).

**ДРАГО(Ј)ЕЗД**. Личното име *Драго(ј)езд* (гласот *ј* се губи пред *е*) < **Dorgoězdъ* претставува двоосновно име, кое е составено од составните делови *Драго-* и *-језд*. Морфемата *драг*о- потекнува од стсл. придавка драгъ ‘драг, скапоцен’ < прасл. **dorgъ*, а морфемата *-језд* води потекло од коренот *језд-* од стсл. глагол ѥꙁдити < ꙗꙁдити, ꙗждѫ ‘јазди, јава, вози (кола)’ < прасл. **ĕzd-*.

Старото лично име *Драго(ј)езд* се чува во основата на ојконимот *Драго(ј)езд* – село во околината на градот Делвина во Јужна Албанија. Денес селото се вика *Dragopezd*, чијашто форма е видоизменета под влијание на албанскиот јазик. Името на селото *Драго(ј)езд* настанало по пат на метонимија, а е пренесено од некое постаро хидронимиско или оронимиско име **Драгојезд*. Топонимот **Драгојезд* е елиптично име со посесивно значење, добиено од прво-битната бинарна конструкција **Драгојезд* < **Драгојездъ (Поток, Врв)*, чијашто адјективна компонента е образувана од личното име *Драгојезд* со посесивниот придавски суфикс -*ъ* (Станковска, 2002: 141). Придавката **Драгојезд* од составот **Драгојезд* < **Драгојездъ (Поток, Врв)*, по отпаѓањето на именскиот член, изразен со термините *поток*, *врв*, се супстантивизирала и продолжила да суштествува во форма на елипса.

Личното име *Драго(ј)езд* досега не е потврдено во антропонимискиот фонд на словенските јазици, но неговите составни делови се користат при образувањето на други лични имиња. Морфемата *драг-*/*-драг* е доста запазена како деривациски

антропонимиски елемент во словенските јазици и со неа, на пример, се образувани личните имиња: срп. *Драгобрат*, *Драгобуд*, *Драговит*; *Бољедраг*, *Вугдраг* (Грковић, 1977), буг. *Драговет*, *Драгодал*, *Драгомил* (Заимов, 1988: 95), хрв. *Dragomir*, *Dragoslav* (Šimundić, 1988: 84), струс. *Dorogomil*, *Dragomir* (Skulina, 1974: 10), чеш. *Drahobud*, **Drahobil*, *Drahomír*; *Nedrah* (Svoboda, 1964: 75), пол. *Dragomił*, *Dragomysł*; *Ljubodrog*, *Siemidrog* (Malec, 1971: 83). Во антропонимијата на македонскиот јазик оваа дерivациска морфема се одликува со особена продуктивност, сп. *Драгивој*, *Драгирад*, *Драгобрат*, *Драговит*, *Драгожел*, *Драгомир*, *Драгомуж*, *Драгослав*; *Диодраг*, *Милодраг* и други (Станковска, 1992).

Морфемата *језд-/-језд*, исто така, е позната како антропонимиска зборообразувачка морфема во антропонимијата на словенските јазици, сп. срп. *Јездивој*, *Јездимир*, *Појезда*, *Пријезда* (Грковић, 1977), буг. *Ездимер*, *Ездимир*; *Доброезд* (Заимов, 1988: 89, 102), хрв. *Jezdimije*, *Jezdimir* (Šimundić, 1988: 162), пол. *Dojazd*, *Przejazd*, *Przyjazd*, *Uni(e)jazd* (Bańkowski, 1984: 157), чеш. *Obj(j)ězd* (Svoboda, 1964: 77). Во македонската антропонимија се среќаваат личните имиња: *Ездимир*, *Ездомир*, *Јездимир*, *Језемил* од исчезнатото **Ездемил* (Станковска, 1992: 115, 136).

**ЖЕЛОВАР**. Исчезнатото село *Желовар*, веројатно, се наоѓало во регионот на градот Елбасан во Албанија. Неговото име е регистрирано во турскиот дефтер за вилаетот Павло Куртик од 1431 година, каде што тоа е напишано во обликот *Gelavar* (Inalcik, 1954: 87). Името на селото во документот е погрешно запишано, па затоа предлагаме тоа да се прочита како *Желовар*, бидејќи гласот *ж* од турскиот администратор можел да се запише со *г*, а вокалот *о* во дефтерот често се предава со *а*. Не е неверојатно и пред доаѓањето на османлиите името на селото *Желовар* да било видоизменето во *Gelavar* под влијание на албанскиот јазик.

Името на селото *Желовар* е метонимиско образување, а е преземено од постаро хидронимиско или оронимиско име **Желовар*. Топонимот **Желовар* потекнува од некогашната адјективна синтагма **Желовар* < **Желоварјь (Поток, Рид)*, чијашто придавка е образувана од личното име *Желовар* со посесивниот придавски суфикс *-јь* (Станковска, 2002: 162). Придавката **Желовар* од составот **Желовар* < **Желоварјь (Поток, Рид)*, по отпаѓањето на именскиот член, изразен со термините *поток*, *рид*, се супстантивизирала и продолжила да суштествува во форма на елиптично име.

Личното име *Желовар* претставува двотематско име, кое е составено од составките *Жело-* и *-вар*. Морфемата *жело-* потекнува од

коренот *жел-* од стсл. глагол желѣти, желѣѭ 'сака, има желба, пожелува' < прасл. **želěti*. Во старословенско-македонскиот речник, покрај глаголот желѣти, желѣѭ е забележена и глаголската варијанта желати, желаѭ (Десподова, 1999: 128). Морфемата *-вар* потекнува од коренот *вар-* од стсл. глагол варити, варѭ 'испреви, престигне, брза; опоменува'. Во старословенско-македонскиот речник е нотирана глаголската лексема варити, варѭ со значењата 'претходи, испревари, тргнува пред, престигнува, тргнува, стигнува, оди пред некого' (Десподова, 1999: 46).

Во антропонимијата на словенските јазици се познати композитни лични имиња во чијшто состав се вклучени коренските морфеми *жел-* и *-вар*. При нивното образување морфемата *жел-/-жел* се употребува како прва и како втора компонента, сп. срп. *Желидраг*, *Желимир*, *Желислав* (Грковић, 1977: 92), буг. *Желевид*, *Желибор*; *Доброжел*, *Драгожел* (Заимов, 1988), ст. рус. *Želislav* (Skulina, 1974: 16), пол. *Żelibor*, *Żelibrat*, *Żeligniew* (Malec, 1971: 131), чеш. *Želiděd*, *Želil'ut*; *Střětužel*, полап. *Želibor* (Svoboda, 1964: 93). Во антропонимијата на словенечкиот јазик се среќава хипокористикот **Želimъ,* кој настанал по пат на скратување од сложените антропоними **Želimirъ*, **Želimyslь* (Bezlaj, 2005: 444). Во македонскиот антропономастикон со оваа морфема се среќаваат личните имиња: *Желимир*, *Желогод*; *Драгожел* (Станковска, 1992), како и во топонимијата: *Желевид*, *Желегод*, *Желегост*, *Желобуд*, кои се наоѓаат во основата на ојконимите: *Желевижда* – село во Бератско, Албанија, *Желегожде* – село во Коструско, Грција, *Желегошта* – село во областа Арта, Грција, *Желобуд* – исчезнато село во Дебарско, Албанија (Станковска, 2002: 159, 161).

Сложени лични имиња во чијшто состав се содржи морфемата *вар-/-вар* поретко се застапена во антропонимијата на словенските јазици, сп. чеш. **Varhost*, што лежи во основата на топонимот *Varhošt*, **Varobyl* (Svoboda, 1964: 98), срп. *Самовар* (Грковић, 1977: 176), буг. *Болевар*, *Хваливар*, што се наоѓаат во основата на имињата на селата *Боліварци* (Трновско) и *Хварваловци* (Еленско) (Заимов, 1975: 204). Во антропонимискиот фонд на македонскиот јазик со оваа морфема се засведочени сложените имиња: *Житовар*, кое е документирано во документи од XV век, *Плисвар*, забележено во XIV век (Станковска, 1992: 121, 222), а во топонимијата се среќаваат уште и личните имиња: *Брадовар*, *Бучовар*, *Варбуд*, *Плетвар*, кои се заложени во основата на топонмите: *Брадовар* – село во Јанинско, Грција, *Бучувар* – месност со

ниви и ливади (Беровско), *Варбужда* – раселено село во околината на градот Хрупишта, Грција, *Плетвар* – голем рид (Прилепско) (Станковска, 2002).

**ЉУДОВИД**. Сложеното лично име *Људовид* < **Ljudovidъ* е составено од морфемата *људо*- од прасл. именка **ljudъ* 'народ' > стсл. **людъ** и **людьѥ** 'народ, луѓе' и од морфемата -*вид* од коренот *вид*- од стсл. глагол **видѣти**, **виждѫ** 'види, гледа, наѕира, се покажува' < прасл. **viděti*.

Личното име *Људовид* е заложено во основата на името на селото *Лидижда*, кое се наоѓа во областа Епир, Грција. М. Фасмер името на селото го бележи со формата Λιδίσδα и тој смета дека примарна форма на името е Λεδέσδα (Vasmer, 1941: 39). Ј. Заимов смета дека името треба да се земе со *и*, и затоа ја предлага за примарно име формата **Либижда* < *Љубижда*, а неговата основа ја изведува од личното име *Љубвид* (Заимов, 1973: 121).

Како што може да се забележи, формата **Либижда* воопшто не одговара на грчкиот запис во кој јасно се запишани двете букви δ во името Λιδίσδα. Според нас, името на селото треба да се прочита како *Људижда*, бидејќи во грчкиот јазик слогот *Љу*- е видоизменет во *Ли*. Првобитното име на селото *Људижда*, најверојатно, било **Људовижда,* кое потекнува од постарата адјективна синтагма **Људовижда (Вес)*, чијашто придавка е образувана од личното име *Људовид* со придавскиот суфикс -*јь* во формата за ж. р. -*ја* (Станковска, 2002: 220–221). По елизијата на именскиот член од составот **Људовижда (Вес)*, изразен со апелативот *вес* < стсл. **вьсь** 'село', придавката **Људовижда* се супстантивизирала и продолжила да суштествува како елиптично име. Подоцнежната форма на името на селото **Људижда* настанало со губењето на интервокалното *в* и со асимилацијата и контракцијата на вокалите што се нашле во непосреден допир: *ои* > *ии* > *ӣ* > *и*.

Во антропонимијата на словенските јазици поретко се среќаваат композитни лични имиња во чијшто состав влегува морфемата *људ*-/-*људ*, сп. чеш. *L'udomil*, *L'udomér*, *L'udislav*; *Zalud* (Svoboda, 1964: 78), пол. *Ludźmir*, *Ludomir*; *Radolud*, *Sławolud* (Malec, 1971: 93), струс. *Ljudьslav*, *Poljud* (Skulina, 1974: 20), буг. *Людмил* (Заимов, 1988: 144), срп. *Људевит* (Грковић, 1977: 123), хрв. *Ljudevit* (Šimundić, 1988: 203). Во антропонимијата на македонскиот јазик е познато личното име *Људмил*, а во топонимијата се среќава уште и сложеното име *Људогост*, што се наоѓа во основата на ојконимот

*Лидагос* < **Људогост* – село во Берско, Грција (Станковска, 2003–2004: 480).

Морфемат *вид-*/*-вид* е пофреквентна во образувањето на сложените имиња во македонската антропонимија, сп. *Видимир*, *Видомир*, *Видослав*, кои се одбележани во нашиот антропономастикон, *Видобит*, *Видовит*, *Желевид*, *Подвид*, *Радовид*, кои се посведочени во топонимите: *Видобишча* – место и воденици во селото Рамне, Охридско (Пјанка, 1970: 206), *Видовишта* – село во Кочанско, *Желевижда* – село во Бератско, Албанија, *Подвижде* – исчезнато село во Кичевско (Станковска, 2002), *Радовижда* – село во Јанинско, Грција (Vasmer, 1941: 48; Заимов, 1973: 148). Во антропонимијата на словенските јазици оваа морфема, исто така, се употребува како прва и како втора составка во составот на сложените имиња, сп. срп. *Видислав*, *Видомир*; *Боговид*, *Завид*, *Светoвид* (Грковић, 1977), буг. *Видимир*, *Видобит*; *Невид* (Заимов, 1988), чеш. **Vidhost*; *Dobrovid*, *Malovid*, *Snovid*, *Závid* (Svoboda, 1964: 91), пол. *Widogost*, *Widorad* (Malec, 1971: 121).

**НОВОСИЛ**. Антропонимот *Новосил* < **Novosilъ* е сложено име, кое е обликувано од составните делови *Ново-* и *-сил*. Морфемата *ново-* потекнува од стсл. придавка новъ < прасл. **novъ* ʽнов’, а морфемата *-сил* потекнува од стсл. именка сила ʽсила, моќ, подвиг’ < прасл. **sila*. Во старословенско-македонскиот речник е забележена лексемата сила со значењата ʽсила, способност, моќ, можност, големина, значење, смисла, подвиг; војска; имање род, плод’ (Десподова, 1999: 417).

Старото лично име *Новосил* се чува во основата на ојконимот *Новосиле* – село кое се наоѓа во околијата на градот Премети, Албанија. Името на селото *Новосиле* е забележено од А. М. Селишчев и внесено на картата што е приредена во неговата книга за словенското население во Албанија (Селищев, 1931: Карта 5с). Името на селото *Новосиле* е елиптично име со посесивно значење, а е добиено со супстантивизација на адјективот од некогашната синтагматска формација **Новосиле* < **Новосилје (Село)*. Придавската компонента **Новосиле* од синтагмата **Новосиле* < **Новосилје (Село)* е образувана од личното име *Новосил* со посесивниот придавски суфикс *-јь* во формата за ср. р. *-је* (Станковска, 2002: 277). Сметаме дека не може да се прифати искажаното мислење на Селишчев, кој, ојконимот *Новосиле,* го објаснува како преобразена форма од **Новосел*, т. е. од *Ново Село* (Селищев, 1931: 262).

Личното име *Новосил* е потврдено во антропонимијата на словенските јазици, сп. рус. *Новосил*, кое се наоѓа во основата на топонимот *Новосилово* (Селищев, 1968: 50), чеш. *Novosil*, кое се крие во основата на топонимот *Novosil'* (Svoboda, 1964: 95).

Во антропонимијата на словенските јазици се потврдени и други сложени имиња во чијшто состав е вградена придавската лексема *нов*, сп. срп. *Новисав* < *Новислав* (Пешикан, 1984: 76), хрв. *Novimir*, *Novomir* (Šimundić, 1988: 257). Во македнскиот антропонимиски фонд се среќаваат редица хипокористични и деминутивни имиња, изведени од придавката *нов*, односно од некое сложено име од типот на *Новомир*, *Новосил*, сп. *Нов*, *Новак*, *Новаче*, *Нован*, *Новачко*, *Новачо*, *Нове*, *Новица*, *Новко*, *Ново*, *Новчо* и други (Станковска, 1992: 205).

Употребата на антропонимиската база *сил-*/*-сил* при деривацијата на сложените антропоними, е доста ограничена. Во чешката антропонимија со морфемата *-сил* се образувани личните имиња *Bujesil*, кое се наоѓа во основата на топонимот *Bujesily*, *Nasil*, *Usil*, во антропонимијата на полскиот јазик се познати личните имиња *Nasił*, *Posił*, во антропонимискиот фонд на српскиот јазик се среќаваат композитните имиња *Бујсил*, *Војсил*, *Гојсил*, *Пресил* (Грковић, 1977), а во антропонимијата на бугарскиот јазик е познато името *Војсил* (Заимов, 1988: 54).

Во антропонимијата на македонскиот јазик со оваа морфема се образувани личните имиња: *Живосил*, што се наоѓа во основата на ојконимот *Живасил* < *Живосил* – село во областа Долни Дебар, денес во Албанија (Станковска, 2003 – 2004) и *Силовод*, непосредно посведочено во нашиот антропонимиски фонд (Станковска, 1992: 250).

**ПОЧЕСТ**. Исчезнатото лично име *Почест* < **Počьstь*е двочлено име, кое е обликувано од морфемата *по-* од стсл. предлог по- и од морфемата *-чест* од стсл. именка чьсть 'чест, почит, почест' < прасл. **čьstь*. Во старословенско-македонскиот речник се забележани именките почьсть 'почест' и чьсть 'чест, почит, чествување, почест', како и глаголот чьстити 'почитува' (Десподова, 1999: 341, 533).

Личното име *Почест* се чува во основата на ојконимот *Почешти* – село во Дебарско, денес во Албанија. Во турскиот опширен пописен дефтер за вилаетот Горни Дебар од 1467 година името на селото е запишано со формата *Потсасти*, а во истиот облик е забележено и во извршениот попис во 1583 година (ТД, 1976: 294). Во Кодиката на Бигорскиот манастир од 1863 година селото е напишано

како ѕєло поцєстн (Мошин, 1971: 176). Од А. М. Селишчев тоа е забележено со формата *Почести* (Селищев, 1931: Карта 2с). Сегашното име на селото *Почешти* е преиначено од постарото име **Почешт* под влијание на албанскиот јазик.

Името на селото **Почешт* е метонимиско образување, а е преземено од постаро хидронимиско или оронимиско име **Почешт*, кое потекнува од првобитната адјективна синтагма **Почешт* < **Почешть (Поток, Рид)*, чијашто адјективна компонента е образувана од личното име *Почест* со посесивниот придавски суфикс *-јь* (Станковска, 2002: 311). По елизијата на именскиот член, изразен со термините *поток*, *рид*, од синтагмата **Почешт* < **Почешть (Поток, Рид)*, придавката **Почешт* се супстантивизирала и продолжила да егзистира како елиптично име.

Во антропонимијата на словенските јазици се среќаваат лични имиња образувани со составните делови *по-* и *-чест*, сп. срп. *Побрат*, *Подраг*, *Помил* (Грковић, 1977), чеш. **Podař*, *Pochval*, *Pomír*, **Posad* (Svoboda, 1964: 102), пол. *Pobor*, *Posil*, *Powid* (Malec, 1971: 103), струс. *Poljud*, *Pozvizd* (Skulina, 1974: 17) и чеш. *Čstibor*, **Čstěmír*, *Čstomír*, *Česlav*; *Bolečest*, *Dobročest*, *Svéčest* (Svoboda, 1964: 73), пол. *Czesław*; *Boleczest*, *Skaziczest*, *Zdzi(e)czest* (Malec, 1971: 77).

**ПРВОСЛАВ**. Во турскиот опширен пописен дефтер од 1568/1569 година во нахијата Аврет Хисар во Солунскиот санџак е регистрирано селото *Првославец*, со друго име Брзац, во кое се попишани 53 христијански семејства, 25 неженети лица, 6 баштини и 1 вдовица (ТД, 2003: 66). Притоа, А. Стојановски забележува дека селото *Првославец*, чиешто име може да се прочита и како *Берославец*, досега не е идентификувано во казата Аврет Хисар, што треба да значи дека селото одамна е раселено. Макар што името на селото, како што кажува А. Стојановски, може да се прочита и како Берислaвец, ние при нашата анализа ќе се определиме за обликот *Првославец,* како примарно име на ова исчезнато село.

Ојконимот *Првославец* претставува структурно-топонимиско образување со посесивно значење, а потекнува од првобитната бинарна конструкција **Првославъ* (= Првославов) *(Поток, Рид)*, чијашто придавска компонента е образувана од личното име *Првослав* со посесивниот придавски суфикс -ъ. Придавскиот член **Првославъ* од составот **Првославъ (Поток, Рид)*, по отпаѓањето на именскиот член, изразен со апелативите *поток*, *рид*, се супстантивизирал со суфиксот *-ьць* > *-ец*, кој се карактеризира со структурно-топонимиската функција. Деривациската постапка се одвивала по следниот пат: **Првославъ (Поток, Рид)* > **Првославъ* + *-ьць* > *Првославьцъ*>

*Првославец*. Името на селото *Првославец* означува ʽпоток или рид што му припаѓал на Првослав, односно каде што живеел Првослав'.

Личното име *Првослав* < **Pьrvoslavъ* претставува двокомпонентно име, кое е составено од морфемата *прво-* од стсл. придавка пръвъ ʽпрв, најпрв, најважен' < прасл. **pьrvъ* и од морфемата *-слав* од стсл. именка слава ʽслава, чест, почит' < прасл. **slāvā*. Личното име *Првослав* кај нас е запишано во писмени споменици од XIV век (Станковска, 1992: 225). Ито така, името *Првослав* е забележено во турскиот опширен пописен дефтер за Скопскиот вилает од 1467/68 година (ТД, 1971: 465).

Наспрема машкото име *Првослав* е образувано женското лично име *Првослава*, кое е запишано во турскиот пописен дефтер за Кичевската нахија од 1467/1468 година (ТД, 1971: 205).

Личното име *Првослав* е потврдено во антропонимијата на јужнословенските јазици, сп. срп. *Првослав* (Грковић, 1977: 160), хрв. *Prvislav*, *Prvoslav* (Šimundić, 1988: 277), буг. *Първослав* (Заимов, 1988: 184). Во антропонимијата на словенечкиот јазик се среќава хипокористикот *Prven* < **Pьrvenъ*, кој е заложен во основата на топонимот *Prvenci* (Snoj, 2009: 336).

**ПРЕТИМИР**. Сложеното лично име *Претимир* < **Prětimirъ* е составено од морфемата *прети-*, којашто е еднаква со императивната форма *прети* од стсл. глагол прѣтити, прѣщѫ ʽсе заканува, негодува, се противи, загрозува' < прасл. **prětiti* и од морфемата *-мир* од стсл. именка миръ < прасл. **mirъ* (Станковска, 1992: 226). Личното име *Претимир* е запишано во турскиот опширен пописен дефтер за Скопскиот вилает од 1467/1468 година (ТД, 1971: 508). Во старословенско-македонскиот речник е забележен глаголот прѣтити со значењата ʽсе заканува, кара, укорува, наредува, негодува, се натажува' (Десподова, 1999: 380).

Антропоними образувани со морфемата *прети-* поретко се присутни во антропонимијата на другите словенски јазици. Со морфемата *прети-* е посведочено личното име во антропонимијата на полскиот јазик *Przecisław* (Bańkovski, 1984: 145). Морфемата *мир-*/*-мир* се вбројува меѓу најпродуктивните деривациски морфеми при образувањето на словенските сложени антропоними. Во антропонимијата на македонскиот јазик се среќаваат, на пример, личните имиња: *Мирбил*, *Мироглав*, *Мирогоја*, *Мирољуб*, *Мирослав*; *Беломир*, *Боримир*, *Будимир*, *Владимир*, *Градимир*, *Десимир*, *Љутомир*, *Својмир*, *Тихомир* и други.

**Извори**:

Мошин, Владимир. 1971. *Словенски ракописи во Македонија*, кн. I. Скопје.
Селищев, А. М. 1931. *Славянското население в Албания (Карта).* София.
1933. Македонские кодики XVI – XVIII веков. София.
ТД, 1971. *Турски документи за историјата на македонскиот народ, опширен пописен дефтер № 4 (1467 – 1468 година),* ред. М. Соколоски, А. Стојановски. Скопје.
ТД, 1976. *Турски документи за историјата на македонскиот народ, опширни пописни дефтери од XV век,* том III, ред. М. Соколоски. Скопје.
ТД, 1982. *Турски документи за историјата на македонскиот народ, опширни пописни дефтери од XVI век за Ќустендилскиот санџак,* том V, кн. III, ред. А. Стојановски. Скопје.
ТД, 1983. *Турски документи за историјата на македонскиот народ, опширни пописни дефтер од XVI век за Ќустендилскиот санџак*, том V, кн. I, ред. М. Соколоски. Скопје.
ТД, 2003. *Турски документи за историјата на Македонија*, опширен пописен дефтер за Солунскиот санџак од 1568/69 година, том IX, кн. 2, ред. А. Стојановски. Скопје.
ТД, 2007. *Турски документи за историјата на Македонија, опширен пописен дефтер за Паша санџакот (казите Драма, Кавала Серез и Неврокоп) од 1569/70 година,* том X, кн. 2, ред. А. Стојановски. Скопје.

Inalcik, Halil. 1954. *Higri 835 tarihli Sûret-i-defter-i sancak-i Arvanid*. Ankara.

**Литература**:

Бошковић, Радосав. 1978. *Одабрани чланци и расправе*. Титоград.
Видоески, Божидар. 1986. *Акцентските системи во македонските дијалекти во Грција (Егејска Македонија) и Јужна Албанија. Македонски јазик*, год. XXXVI – XXXVII. Скопје. С. 19 – 45.
Грковић, Милица. 1977. *Речник личних имена код Срба*. Београд.
1983. Имена у Дечанским хрисовуљама. Нови Сад.
Десподова, Вангелија. 1999. *Старословенско-македонски речник (со грчки паралели).* Прилеп – Скопје.
Заимов, Йордан. 1973. *Български географски имена с -jь*. София.
1975. Двучлени лични имена в българската топонимия. Onomastica, r. XX, z. 1 – 2. Wrocław -– Warszawa – Kraków – Gdańsk. С. 169 –230.
1988. Български именник. София.
Јачева-Улчар, Елка. 2008. *За некои исчезнати ојконим од Тиквешкиот Регион*. Македонски јазик минато, сегашност, иднина. Скопје. С. 315 – 320.
Конески, Блаже. 1965. *Историја на македонскиот јазик*. Скопје.
1991. *Македонски места и имиња*. Скопје.
Пешикан, Митар. 1984. *Зетско-хумско-рашка имена на почетку турског периода.* Ономатолошки прилози, V. Београд. С. 1 – 182.

1986. Стара имена из Доњег Подримља. Ономатолошки прилози, VII. Београд.
Пјанка, Влоѓимјеж. 1970. *Топономастиката на Охридско-преспанскиот базен.* Скопје.
Селищев, А. М. 1968. Избраные трудіы. Москва.
Станковска, Љубица. 1985: *Етимологијата на ојконимите Дуње, Небрегово, Чепигово и Мажучишта.* Литературен збор, год. XXXII, кн. 3. Скопје. С. 57 – 65.
1992. *Речник на личните имиња кај Македонците*. Скопје.
1997. *Исчезнати лични имиња во македонската топонимија.* Зборник во чест на Радмила Угринова-Скаловска. Скопје. С. 277 – 287.
2002. *Суфиксите -јь, -ьјь, -ъ во македонската топонимија*. Прилеп.
2003 – 2004. *Презентација на неколку стари лични имиња,* Folia onomastica Croatica, 12 – 13. Zagreb. С. 467 – 484.

Bańkowski, Andrzej. 1984. *Staropolskie imiona dwuczłonowe z osobliwymi składnikami*, Onomastica, r. XXIX. Wrocław – Warszawa – Kraków – Gdańsk – Łódz. С. 127 – 160.
Bezlaj, 1995. *Etimološki slovar slovenskego jezika, tretja knjiga.* Ljubljana.
2005. *Etimološki slovar slovenskego jezika*, četrta knjiga. Ljubljana.
Košmrlj, Maja. 1970. *Dvočlenska antroponima v slovenskih krajevnih imenih.* Onomastica jugoslavica, 2. Ljubljana. С. 102 – 117.
Malec, Maria. 1971. *Budowa morfologiczna staropolskich złożonych imion osobowych.* Wroclaw –Warszawa – Kraków – Gdańsk.
Skok, Petar. 1971. *Etimologijski rječnik hrvatskoga ili srpskoga jezika, knjiga prva.* Zagreb.
Skulina, Tadeusz. 1974. *Staroruskie imiennictwo osobowe*, cz. II. Wrocław – Warszawa – Kraków – Gdańsk.
Snoj, Marko. 2009. *Etimološki slovar slovenskih zamljepisnih imen*. Ljubljana.
Svoboda, Jan. 1964. *Staročeská osobní jména a naše příjmení.* Praha.
Šimundić, Mate. 1982. *Nepoznata hrvatska osobna imena s kraja XI. stoljeća*, Onomastica jugoslavica, vol. 9. Zagreb. С. 275 – 282.
1983. Nepoznata *osobna imena i prezimena šibenskog kraja od XII stoljeća do novijega vremena*. Ономатолошки прилози, IV. Београд. С. 179 – 197.
1988. *Rječnik osobnih imena.* Zagreb.
Šimunović, Petar. 1986. *Istočnojadranska toponimija*. Split.
Vasmer, Max. 1941. *Die Slaven in Griechenland*. Berlin.